Универзитет „Евро-Балкан“

# ВИЗАНТИЈА И СЛОВЕНИТЕ: СРЕДНОВЕКОВНИ И МОДЕРНИ ПЕРЦЕПЦИИ И РЕЦЕПЦИИ

Зборник на трудови од
Петтиот меѓународен симпозиум
„Денови на Јустинијан I“, Скопје, 17-18.11.2017

Уредник
Митко Б. Панов

Скопје, 2018

Византија и словените:
средновековни и модерни перцепции и рецепции
_____________________________________________

Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум
„Денови на Јустиниан I“ Скопје, 17-18 ноември 2017

Издавач:
Универзитет „Евро-Балкан“, Скопје

Уредник:
Митко Б. Панов

Лекторка:
Јордана Шемко Герогиевска

Ликовна и техничка обработка:
Игор Панев

Печати: Ирис принт Струга

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

323.1(=16:495.02)"04/14"
27-36-76-051:003.02(=16)(495.02)"04/14"
930.85(495.02)"653"

МЕЃУНАРОДЕН симпозиум "Денови на Јустинијан I" (5 ; 2017 ; Скопје)
Византија и Словените : средновековни и модерни перцепции и рецепции : зборник на трудови од Петтиот меѓународен симпозиум "Денови на Јустинијан I", Скопје, 17-18.11.2017 / уредник Митко Б. Панов. - Скопје : Универзитет "Евро-Балкан", 2018. - 198 стр. : илустр. ; 25 см

На стр. 3: Byzantium and the Slavs: medieval and modern perceptions and receptions : proceedings of the 5th International Symposium "Days of Justinian I" Skopje, 17-18 November, 2017 / edited by Mitko B. Panov. - Трудови на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4714-99-6

а) Словени - Византија - Среден век б) Мисионерска дејност - Словенска писменост - Византија - Среден век в) Византија - Културна историја - Среден век
COBISS.MK-ID 108861706

"Euro-Balkan" University

# BYZANTIUM AND THE SLAVS: MEDIEVAL AND MODERN PERCEPTIONS AND RECEPTIONS

Proceedings of the
5th International Symposium “Days of Justinian I”
Skopje, 17-18 November, 2017

Edited by
Mitko B. Panov

Skopje, 2018

**Уредник**
Митко Б. Панов

**МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН КОМИТЕТ**

ФЛОРИН КУРТА (Универзитет во Флорида)
ЕЛИЗАБЕТА ДИМИТРОВА (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје)
ХРВОЈЕ ГРАЧАНИН (Универзитет во Загреб)
ДРАГИ ЃОРЃИЕВ (Институт за национална историја, Скопје)
ЈАНЕ КОЏАБАШИЈА (Универзитет Евро-Балкан, Скопје)
РУБИН ЗЕМОН (Универзитет Евро-Балкан, Скопје)
ВИКТОР ЛИЛЧИЌ (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје)
ЃУЗЕПЕ МАИНО (Универзитет во Болоња)
ГЕОРГИ НИКОЛОВ (Универзитет во Софија)
МИТКО Б. ПАНОВ (Институт за национална историја)
КАРОЛИН С. СНАЈВЛИ (Гетисбург колеџ)
ДОНАТЕЛА БИЈАЃИ МАИНО (Универзитет во Болоња)
ВИТОМИР МИТЕВСКИ (Македонска академија за науки и уметности, Скопје)
ЕНДРЈУ РОУЧ (Универзитет во Глазгов)
АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје)
ЈАСМИНА ЧИРИЌ (Универзитет во Белград)

**СЕКРЕТАРИ НА РЕДАКЦИЈА**

ДРАГАН ЃАЛЕВСКИ (Институт за национална историја, Скопје)
ИГОР ПАНЕВ

**Edited by**
Mitko B. Panov

**INTERNATIONAL SCIENTIFIC COMMITTEE**

FFLORIN CURTA (University of Florida)
ELIZABETA DIMITROVA (University Ss. Cyril and Methodius, Skopje)
HRVOJE GRAČANIN (University of Zagreb)
DRAGI GJORGJIEV (Institute of National History, Skopje)
JANE KODJABASIJA (Euro-Balkan University, Skopje)
RUBIN ZEMON (Euro-Balkan University, Skopje)
VIKTOR LILČIĆ (University Ss. Cyril and Methodius, Skopje)
GIUSEPPE MAINO (University of Bologna)
DONATELLA BIAGI MAINO (University of Bologna)
VITOMIR MITEVSKI (Macedonian Academy of Science and Arts, Skopje)
GEORGI NIKOLOV (Sofia University)
MITKO B. PANOV (Institute of National History, Skopje)
ANDREW ROACH (Glasgow University)
CAROLYN S. SNIVELY (Gettysburg College)
ALEKSANDAR SPASENOVSKI (University Ss. Cyril and Methodius, Skopje)
JASMINA ČIRIC (University of Belgrade)

**EDITORIAL SECRETARIES**

DRAGAN GJALEVSKI (Institute of National History, Skopje)
IGOR PANEV

# СОДРЖИНА / CONTENTS

ПРЕДГОВОР / FOREWORD 9

*Витомир Митевски*
ВИЗАНТИСКИОТ ЕП ДИГЕНИС АКРИТ И НЕГОВАТА РЕЦЕПЦИЈА НА БАЛКАНОТ 11

*Митко Б. Панов*
ВИЗАНТИСКАТА КОНЦЕПТУАЛНА ПРЕТСТАВА ЗА СКЛАВИНИИТЕ (7-9 ВЕК) 16

*Łukasz Różycki*
EXTRAORDINARY ADVENTURES OF TATIMER AND MILITARY TACTICS OF THE SLAVS IN THE TIMES OF EMPEROR MAURICE 32

*Miguel Pablo Sancho Gómez*
“DEALING WITH THE SLAVS, THE ANTAE AND THE LIKE”. DANUBIAN BYZANTINE WARFARE IN THE MAURICE´S TREATY STRATEGIKON 49

*Драган Ѓалевски*
ПРЕТСТАВАТА ЗА СЛОВЕНИТЕ КАКО ВОИНИ ВО ВИЗАНТИСКИТЕ ИЗВОРИ (VI-X ВЕК) 59

*Bojana Radovanović*
SEMANTIC FIELD “PAGAN – HERETIC” IN THE PERSPECTIVE OF THE BYZANTINES AND WESTERNERS WITH REFERENCE TO THE SLAVS AND THE BALKANS 67

*Dick van Niekerk*
LUTHER 500 (1517-2017): THE ALLEGED CONTINUITY BETWEEN BOGOMILISM AND PROTESTANTISM 78

*Salvatore Costanza*
SICILIANS, BYZANTINES, AND MACEDONIANS IN 11TH AND 12TH CENTURIES 87

*Marco Fasolio*
DOWN WITH THE EMPEROR, HAIL TO THE DESPOT. EPIROTE PARTICULARISM AT THE DUSK OF STEPHEN DUŠAN’S EMPIRE 96

*Rubin Zemon*
THE SLAVIC IDENTITY AND THE NATIONALISMS
IN THE BALKANS 108

*Виктор Лилчиќ Адамс и Игор Ширтовски*
КОНТРОЛА НА ЗАПАДНИТЕ ВЛЕЗОВИ ВО СКОПСКО
ВО ВРЕМЕТО НА ЈУСТИНИЈАН I 117

*Васил Ѓоргиев – Ликин*
ПРЕНЕСУВАЊЕТО НА ПЕТНАЕСЕТТЕ ТИВЕРИОПОЛСКИ
СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ ОД СТРУМИЦА ВО БРЕГАЛНИЦА 126

*Robert Mihajlovski and Zoran Rujak*
NEWLY DISCOVERED BYZANTINE LEAD SEALS FROM
HE MEDIEVAL FORTRESS “CAREVI KULI” IN STRUMICA 137

*Rozmeri Basic*
RE-EXAMINING SELECTED EARLY BYZANTINE MONUMENT
IN ZADAR AND SURROUNDS: THE CHURCH OF ST. DONAT 146

*Konstantin Voronin and Mariya Kabanova*
THE BYZANTINE TRADITION OF JEWEL DECORATION OF
ICONS IN THE LANDS OF WESTERN RUSSIA IN MIDDLE AGES
(ARCHAEOLOGICAL INFORMATION) 158

*Трајче Нацев и Драган Веселинов*
ЗАКАНИ И ОПАСНОСТИ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ КАЈ
ОБЈЕКТИТЕ И МЕСТАТА ПРОГЛАСЕНИ ЗА КУЛТУРНО
НАСЛЕДСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 165

*Весна Матијашевиќ - Покупец*
РЕФЛЕКСИИ НА ВИЗАНТИСКИОТ И ПОСТВИЗАНТИСКИОТ
ПЕРИОД ВО МАКЕДОНСКОТО ПОЕТСКО И ПРОЗНО
НАРОДНО ТВОРЕШТВО 176

*Маќеј Хелбиг*
GUSTUS PAVONIS. ЖИВИНАТА ВО АНТИЧКАТА И
ВИЗАНТИСКАТА КУЈНА СПОРЕД ПРИМЕРОТ НА ПАУНОТ 187

*Јане Коџабашија*
АРАЛАМПИЕ ШАХПАСКИ – АМПО, ПСАЛТ СМОЈМИРСКИ 195

***Драган Веселинов***
Институт за историја и археологија
Универзитет "Гоце Делчев" – Штип
***Трајче Нацев***
Институт за историја и археологија
Универзитет "Гоце Делчев" – Штип

**удк: 930.85:551.515.9(497.73)**

# РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ КАЈ ОБЈЕКТИТЕ И МЕСТАТА ПРОГЛАСЕНИ ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Abstract:** On the territory of the East Region there are several types of potential occurrences of natural disasters that can cause major or minor damages to objects and sites declared for cultural heritage or to destroy them. Only fires and floods will cause the greatest negative effects on this type of material good. All this is of great importance for the competent entities involved in the protection and rescue of the cultural heritage. The data and information on the most common possible occurrences of risks and hazards will enable the institutions concerned with this issue to take appropriate measures and activities, their effective mutual coordination and cooperation and rational utilization of the resources for protection of this material good in the event of natural disasters. However necessary are more detailed analyzes and assessments of the hazards and threats from natural disasters in this material good, which would be performed by experts in the field of culture, construction, protection and rescue, crisis management and so on. This will enable the attainment of the goal, that is, appropriate management of the hazards and protection and rescue of the objects and places declared for cultural heritage.

Источниот регион кој претставува територијална единица во рамките на Република Македонија го сочинуваат 11 општини: Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица, Виница, Зрновци, Кочани, Чешиново-Облешево, Пробиштип, Карбинци и Штип. Овој регион зафаќа површина од 3537 км2 на која живеат 181.858 жители. Низ целокупната негова територија покрај природните богатства се среќаваат и материјални и духовни добра. Некои од нив се карактеристични по културно-историската вредност која ја поседуваат. Поради тоа државата за да ја зачува и заштити ваквата вредност на овие добра ги прогласува за културно наследство. Така како дел од материјалните добра за културно наследство се прогласуваат и одредени објекти и места. Но тоа претставува само дел од целокупните мерки и активности кои треба да се превземат за заштита на овие објекти и места. Ова се должи пред

се на широкиот спектар на разни видови опасности и загрозувања кои можат да предизвикаат нивно оштетување или уништување.[1] Како едни од опасностите и загрозувањата кои би имале негативни влијанија и последици врз објектите и местата прогласени за културно наследство се и елементарните непогоди. Но појавата, видот, интензитетот на елементарните непогоди како и нивното влијание зависи од индивидуални карактеристики на овие објекти и места како и географските карактеристики на Источниот регион. Преку соодветна анализа и процена на опасностите и загрозувањата од елементарните непогоди кои можат да предзвикаат оштетување или уништување на објектите и местата прогласени за културно наследство ќе се овозможи превземање на навремени и соодветни мерки и активности за нивна заштита и спасување.[2] Сето ова е во надлежност на институции кои директно или индиректно се поврзани со заштитатата на материјалните добра во државата.[3] Поради сето ова и со цел за практична и рационална обработка и презентација на темата на овој текст, во него секоја општина од Источниот регион поединечно ќе биде опфатена. Единствено исклучок од сето ова ќе бидат општините Македонска Каменица и Чешиново-Облешево бидејќи засега на нивната територија нема прогласени објекти и места за културно наследство.[4]

1 Во член 32 од Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на Република Македонија“ бр.20/04) се наведени сите загрозувањата кои може да доведат до опасност од оштетување, уништување или посериозно нарушување на интегритетот на објектите и местата прогласени за културното наследство.

2 Надлежните органи и институции за изработка на анализата и процената на опасностите и загрозувањата од елементарните непогоди се дадени во членовите 8, 9, 10 и 11 од Уредба за Методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Сл. Весник на Република Македонија“ бр.13/11); Субјектите кои имаат удел во изработката на процената се дадени во член 2 од Закон за управување со кризи (Службен весник на РМ, бр. 29/05).

3 Во спроведување на мерките и активностите за заштита на објектите и местата прогласени за културно наследство според законите за управување со кризи, заштита и спасување, заштита на културното наследство, внатрешни работи и други правни акти поврзани со оваа област се вклучуваат институциите и органите од ресорите: култура, заштита и спасување, управување со кризи, внатрешни работи и други слични субјекти.

4 *Регистар на културно наследство на Управата за заштита на културното наследство на Македонија*, заклучно со 30 септември 2014 г.

Територијата на општина Берово е карактеристична со ридско-планински и низински релјеф. Општината располага со релативно богати шумски пространства како и хидрографска мрежа која е сочинета од реки, езеро и подземни води. Низ нејзината територија претежно е застапена умерено-континентална клима. Ваквите географски карактеристики а воедно и извршените анализи од претходни појави на елементарни непогоди даваат проценка дека во општина Берово се бележат следните појави: пожари, поплави, земјотреси, интензивни снежни врнежи и  снежни наноси, лизгање на терен и поголеми одрони на земја.[5] Но сите овие појави врз основа на Процена на загрозеноста имаат и различен степен на влијание кај објектите и местата прогласени за културно наследство.[6] Во општина Берово пожарите се квалификувани како опасност од трет степен, поплавите како опасност од втор степен, додека земјотресите, интензивните снежни врнежи и снежни наноси, лизгањето на терен и поголеми одрони на земја претставуваат опасности од прв степен. Ова подразбира дека пожарите може да предизвикаат посериозни оштетувања или уништувања на овој вид културно наследство за разлика од полавите чие загрозување е со понизок ризик односно остава помали или незначителни последици кај објектите и местата. Останатите појави не можат негативно да влијаат врз ова материјално добро или истите кај него во одредени околности би предизвикале незначителни штети.

Досега во општина Берово за културно наследство се прогласени следните објекти и места:  Куќата на ул. "Кочо Рацин" бр.11, манастирот "Св. Архангел Михаил" и куќата на М. Тито бр.127.[7] Местоположбата на сите нив е во населено место односно сите тие се наоѓаат во урбаниот дел на Берово во чие потесно опкружување има и други објекти. Покрај ова тие имаат и специфична градба која содржи материјал што е помалку отпорен на оган. Така земајќи ги во предвид овие

---

5 *Процена на загрозеноста на општина Берово од сите ризици и опасности* (Берово, 2014).

6 Согласно член 6 од Уредбата за Методологојата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Републлика Македонија од сите ризици и опасности, се одредува степен на загрозеност што означува ризик односно состојба со манифестирани појави на загрозеност од одредена опасност. (Прв степен означува редовна состојба (нема ризик); Втор степен означува низок ризик (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност); Трет степен означува покачен ризик (можен почеток на криза или кризна состојба); Четврт степен означува висок ризик и веројатност за почеток на криза или кризна состојба; Петти степен означува највисок ризик на загрозеност на виталните вредности (создадени услови за прогласување на криза или кризна состојба).

7 *Регистар на културно наследство.*

карактеристики како и процените и анализите извршени од надлежните институции на територијата на општина Берово може да се заклучи дека пожарите претставуваат најголема опасност за ова културно наследство. Тие кај него може да предизвикаат поголеми оштетувања или пак целосно уништување. Останатите видови на опасности кај овие материјални добра немаат негативни влијанија.

Општина Пехчево има слични географски карактеристики како и општина Берово. И овде врз основа географските карактеристики како и извршените анализи на појави на елементарни непогоди во минатото се проценува дека на територијата на општината се карактеристични следните видови на елементарни непогоди: пожари, поплави, земјотреси, интензивни снежни врнежи и  снежни наноси, лизгање на терен и поголеми одрони на земја.[8] Пожарите во општина Пехчево претставуваат опасност од трет степен, опасноста од поплави е од втор степен а  останатите појави се класифицирани како опасности од прв степен. Сето ова подразбира дека пожарите се единствената опасност во општина Пехчево кои можат да предизвикаат сериозни оштетувања или уништувања на објекти и места прогласени за културно наследство за разлика од другите опасности чии појави би предизвикала мали оштетувања или пак воопшто ќе нема никакво влијание кај овој вид на материјално добро.

На територијата на општина Пехчево како културно наследство се прогласени археолошките локалитети “Мачевски Чуки” – с.Робово и “Село” – с.Чифлик.[9] Состојбата во која се наоѓаат овие места и нивната местоположба овозможуваат тие да не бидат подложени на опасности и загрозувања од појави на елементарни непогоди карактеристични за општина Пехчево.[10] Така ваквите појави во никаков случај не можат да предизвикаат некакви оштетувања или уништувања кај ова културно наследство.

Во најголем дел територијата на општина Делчево е со ридско-планинско земјиште но на помали површини посебно по течението на реката Брегалница  е застапен и низнскиот тип на релјеф. Покрај ова географските карактеристики на општината ги сочинуваат и релативно богатата вегетација, умерено континетална клима и просечна

8 Процена на загрозеноста на општина Пехчево од сите ризици и опасности (Пехчево, 2014).

9 *Регистар на културно наследство.*

10 Состојбата и местоположбата на археолошките локалитети “Мачевски Чуки” – с.Робово и “Село” – с. Чифлик е опишана во Археолошка Карта на Р.Македонија, том II (Скопје, 1996); Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот басен* (Штип: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип, 2013).

хидрографска мрежа сочинета од реки и акумулации. Според ваквите карактеристики како и искуствата со елементарните непогоди со кои се има соочено општината во минатото дадено е проценка дека најчести појави на опасности и загрозувања на нејзината територија се пожари, поплави, појава на невреме-град, интензивни снежни врнежи и снежни наноси, земјотреси, лизгање на земјиште и поголеми одрони на земја.[11] Опасноста од пожари и полави во општина Делчево е од втор степен додека со прв степен на опасноста се останатите појави на елементарни непогоди. Ова подразбира дека културното наследство во општината би можело да претрпи мали или незначителни оштетувања во случај на појава на пожар или поплава. Од останатите појави на елементарни непогоди не постои опасност од оштетувања или уништувања кај културно наследство кое се наоѓа на нејзината територија.

Како културно наследство во општина Делчево се прогласени три цркви. Тоа се: "Св. Архангел Михаил" во с. Драмче, "Св. Константин и Елена" во с. Разловци и "Св. Петка" во с. Селник.[12]

Поради својот тип на градба, местоположба и непосредната околина која е исполнета со шумска вегетација црквата "Св. Архангел Михаил" единствено е изложена на опасност од пожари. Останатите појави на елементарни непогоди не можат да предизвикаат уништување или оштетување на овој верски храм.

И кај црквата "Св. Константин и Елена" оштетување или уништување може да настане само при појава на пожар додека останатите појави на елементарни непогоди немаат никакви негативни влијание врз истата. Сето ова е резултата на нејзиниот вид на градба како и непосредното опкружување од други објекти.

Слични карактеристики како црквата "Св. Архангел Михаил" има и Црквата "Св. Петка" каде нејзината градба и вегетацијата која се наоѓа во нејзина близина може да придонесат таа да биде оштетена или уништена од пожар. Другите појави на елементарни непогоди не претставуваат сериозна опасност за оваа црква.

Ридско-планинскиот и низинскиот релјеф, богатата вегетација, континентално-субмедитеранската клима, речната мрежа, вештачката акумулација и многубројните извори ги сочинуваат географските карактеристики на општина Виница. Ваквите карактеристики а воедно земјаќи ги во предвид и појавите на елементарни непогоди во минатото придонесуваат оваа општина најчесто да биде загрозена од можни појави на пожар, поплава, земјотреси, лизгање на терен и поголеми одрони

11 *Процена на загрозеноста на општина Делчево од сите ризици и опасности* (Делчево, 2014).

12 *Регистар на културно наследство.*

на земја.[13] Меѓутоа нивното влијание е различно кај објектите и местата прогласени за културно наследство на територијата на општина Виница. Така опасноста од пожари и поплави е од втор степен на загрозување што подразбира дека ова материјално добро може да има мали или незначителни оштетувања при појава на овие елементарни непогоди. Појавата на земјотреси, лизгање на терен и поголеми одрони на земја не можат да предизвикаат оштетувања или уништувања кај објектите и местата проглесени за културно наследство бидејќи овие опасности се со прв степен на загрозување.

Археолошките локалитети “Кале” и “Горица” кои се наоѓаат во непосредна близина на градот Виница претставуваат места прогласени за културно наследство.[14] За двата локалитета не постои опасност од оштетувања или уништувања од било кој вид на елементарна непогода карактеристична за територијата на оваа општина. Ваквата процена е резултат од анализите на местоположбата и состојбата на локалитетите “Кале” и “Горица”.[15]

Покрај овие места, на територијата на општина Виница постои и еден објект прогласен за културно наследство сместен во самиот град. Тоа е куќа “Ќазим бег” која се наоѓа на ул.”Димитар Влахов” бр.58.[16] Кај овој објект најсериозно оштетување или пак уништување може да предизвика појавата на пожар. Тоа се должи на неговиот тип на градба како и опкружувањето во кое има концентрирано поголем број на објекти. Покрај пожарите, опасност за овој објект претставува и поплавата. Но врз основа на Процената на загрозеноста на општина Виница од сите ризици и опасности оваа појава може да предизвика само помали оштувања кај куќата “Ќазим бег”. Останатите елементарни непогоди не можат да предизвикаат уништување или оштетување на овој објект.

Географските карактеристики на општина Кочани се одликуваат со ридско-планински и низински релјеф, релативно богата вегетација, реки, вештачка акумулација, извори и умерено-континетална клима со одредени медитерански климатски влијанија. Географските особини на општината и искуствата со елементарните непогоди во минатото кои се случиле на нејзината територија на може да се каже дека најчести можни појави на опасности од ваков тип се: пожари, поплави,

---

13 *Процена на загрозеноста на општина Виница од сите ризици и опасности* (Виница, 2014).

14 *Регистар на културно наследство.*

15 Состојбата и местоположбата на археолошките локалитети “Кале” и “Горица” е опишана во *Археолошка Карта на Р.Македонија,* II; Нацев, Антиката во Брегалничкиот басен.

16 *Регистар на културно наследство.*

температурни максимуми и минимуми, сушни периоди и земјотреси.[17] Во оваа општина објектите и местата прогласени за културно наследство најзагрозени можат да бидат од појава на пожар и поплава. Загрозувањето на ова културно наследство од овие појави е од втор степен, додека од останатите појави кои се споменати, загрозувањето е од прв степен односно не постои можност за сериозно оштетување или пак уништување на ваквото материјално добро.

Средновековната кула, Саат кулата и Споменикот на слободата претставуваат објекти кои се прогласени за културно наследство на територијата на општина Кочани.[18] Во истоимената општина поточно во с. Костин Дол за ваков вид материјално добро се прогласени и следните места и објекти: Стопанска целина и стопански објекти на воден погон.[19]

Средновековната кула и Саат кулата поради нивната местоположба и видот на градба најсериозно оштетување или уништување можат да претрпат од појава на пожар. Поплавите пак на овие објекти би можеле да им нанесат помали до незначителни оштетувања. Останатите видови на елементарни непогоди немаат негативни влијанија врз Саат кулата и Средновековната кула.

Кај Споменикот на слободата чија местоположба е на рид на северозападната страна на градот единствена појава на елементарна непогода која може да предизвика негово оштетување е пожарот. Друга појава на елементарна непогода карактеристична за општина Кочани не може да предизвика серизни оштувања или уништувања кај овој објект.

Целокупните карактеристики (местоположба, градба, намена и сл.) кои ги имаат Стопанската целина и стопанските објекти на воден погон придонесуваат ова културно наследство да биде загрозено од појави на пожар и поплава. Овие две појави би можеле да предизвикаат оштетувања или уништувања кај оваа целина и објектите. Температурните максимуми и минимуми, сушните периоди и земјотресите не претставуваат опасност за ова материјално добро.

Воглавно општина Зрновци има слични географски карактеристики како и општина Кочани. Од извршените анализи на елементарните непогоди кои се случиле во минатотот во општина Зрновци а воедно земајќи ги во предвид и нејзините географски карактеристики се проценува дека како можни појави на опасности на нејзината територија би биле пожарите, поплавите и екстремните временски појави како што се

17 *Процена на загрозеноста на општина Кочани од сите ризици и опасности* (Кочани, 2014).

18 *Регистар на културно наследство.*

19 *Регистар на културно наследство.*

луња и врнежи од град.[20] Според Процена на загрозеноста на општина Зрновци, сите споменати појави на елементарни непогоди на нејзината територија имаат втор степен на загрозување. Тоа подразбира дека овие појави не би предизвикале посериозни оштетувања на културното наследство во општина Зрновци.

За културно наследство во општина Зрновци досега е прогласен само археолошкиот локалитет "Црквиште" кој е сместен во средишниот дел на селото Мородвис. И покрај неговата специфична локација околу која непосредно се наоѓаат објекти, сепак состојбата на ова културно наследство не дозволува тоа доа биде оштетено или уништено од појава на пожар, поплава, луња или врнежи од град.[21]

Општината Пробиштип се карактеризира со ридско-планинско земјиште, слаба вегетација, елементи од умерено-континентална и медитеранска клима и сиромашна хидрографска мрежа во која има неколку акумулации. Ваквите географски карактеристики и елементарните непогоди кои се случиле во минатото во оваа општина придонесуваат на нејзината територија како можни појави на опасности да се јават пожарите, поплавите, лизгањето на земиште, земјотрес, температурни разлики и варирања и обилни поројни дождови.[22] Во процената пожарите и поплавите се одредени со втор степен на загрозување додека останатите појави на елементарни непогоди се со прв степен на загрозување. Ова подразбира дека одредени оштетувања кај културното наследство во општина Пробиштип може да предизвика само појавата на пожар или поплава.

Во општина Пробиштип за културно наследство се прогласени злетовските цркви "Успение Богородично" и "Св.Трифун - Пирог" како и манастирот "Св.Гаврил Лесновски" (црквата, конаците и црковниот инвентар) во с.Лесново.

За црквата "Св.Трифун - Пирог" не постои сериозна опасност од оштетување или уништување од било кој вид на елементарна непогода карактеристична за територијата на општина Пробиштип. Тоа најмногу се должи на фактот што оваа црква денес е во урнатини.

Видот на градба и местоположбата кај другите две материјални добра може да придонесе тие да бидат изложени единствено на опасност од пожари кои би предизвикале нивно оштетување или уништување.

20 *Процена на загрозеноста на општина Зрновци од сите ризици и опасности* (Зрновци, 2014).

21 Состојбата и местоположбата на археолошкиот локалитет "Црквиште" е опишана во *Археолошка Карта на Р.Македонија*, II; Нацев, Антиката во Брегалничкиот басен.

22 *Процена на загрозеноста на општина Пробиштип од сите ризици и опасности* (Пробиштип, 2014).

Останатите појави на елементарни непогоди не можат да предизвикаат посериозни оштетувања или уништувања кај  црквата “Успение Богородичино” и манастирот “Св.Гаврил Лесновски”.

На територијата на општина Карбинци е застапено ридско-планинско и низинско земјиште кое има просечна хидрографска мрежа и вегетациска покриеност. Во општината се среќаваат елементи на умерено-континентална и медитеранска клима. Врз основа на овие географски карактеристики и појавите на елементарни непогоди во минатото на нејзината територија се проценува дека во општина Карбинци оштетувања или уништувања кај културното наследство може да предизвикаат пожарите поплавите, сушата, земјотресите, температурни разлики и варирања и силните ветрови.[23] Во Процената на загрозеност на општината, пожарите се означени со трет степен на загрозување што подразбира зголемен ризик од уништување или оштетување на културното наследство од оваа појава, додека поплавите се со втор степен и истите може да нанесат помали оштетувања кај ова материјално добро. Од останатите појави не постои сериозна опасност од уништување или оштетување кај културното наследство кое се наоѓа во општина Карбинци.

Како културно наследство во општина Карбинци се прогласени 13 објекти и места. Археолошките локалитети “Вршник” и “Крст” се наоѓаат кај селото Таринци, во селото Карбинци е лоцирана Куќата на Дамбеви, во Радање е сместена Махмуд Ага Џамија, во околината на село Козјак се наоѓаат археолошките локалитети “Баргала”, ”Градот-Кале”, “Селиште-Козјак”, “Бандера” и црквата “Св.Ѓорѓи” а кај село Крупиште се лоцирани археолошкиот локалитет “Клетовник” (кружна црква-ротонда), Базилика со пет апсиди-катедрален храм (арх. локалитет “Кале”), Црква “Св. Никола” со дел од базиликата врз која лежи и “Црвена” црква.[24]

Местоположба и видот на градба на повеќето објекти прогласени за културно наследство придонесуваат тие да бидат изложени на опасност од пожари и земјотреси.[25] За разлика од објектите, местата кои се прогласени за културно наследство не се изложени на сериозни оштетувања или уништувања од појави на елементарни непогоди карактеристични за општина Карбинци. Тоа се должи на нивната локација и состојбата во која се наоѓаат.[26]

---

23 *Процена на загрозеност на општина  Карбинци од сите ризици и опасности* (Карбинци, 2014).

24 *Регистар на културно наследство.*

25 Драган Веселинов, Трајче Нацев, “Загрозеност на објекти и места прогласени за културно налседство на териториите на општините Штип и Карбинци”, International Journal Scientific Papers 15.3 (2016), 1274.

26 *Археолошка Карта на Р.Македонија*, II; Нацев, *Антиката во Брегалничкиот басен*.

Географските карактеристики на општина Штип се слични како и оние на општина Карбинци, но се јавуаат одредени разлики во делот на елементарните непогоди кои се случиле во минатото. Така според Процената на загрозеност на општина Штип на нејзината на територија се појавуваат следните видови на елементарни непогоди: пожари, суша и поплави во поголема мера, додека земјотресите, екстремни временски појави-температурни разлики и варирања, обилни поројни дождови, силни ветрови, поледици и ледени дождови се ретка појава.[27] Пожарите, сушата и поплавите во Процената се означени со втор степен на загрозување додека останатите појави се со загрозување од прв степен. Според Процената, појавата на пожари и поплави можат да предизвикаат оштетување или ништување на културното наследство во општина Штип за разлика од сушата која и покрај тоа што има вториот степен на загрозување сепак нема негативни влијанија кај ова материјално добро. И останатите видови на елементарни непогоди кои се со понизок (прв) степен на загрозување не можат да предизвикаат оштетувања или уништувања на културното наследство.

Во општина Штип има вкупно 54 објекти и места прогласени за културно наследство, од кои најголемиот дел се наоѓаат во или околу градот Штип. Како културно наследство во општината се прогласени следните објекти и места: археолошки локалитет "Исар"; Безистен; Родна куќа на Народниот херој Михајло Апостолски, ул. "Никола Карев" бр.36; Родна куќа на Народниот херој Славчо Стојменски, ул."С. Стојменски" бр.29; Родна куќа на Народниот херој Ванчо Прќев, ул."Вера Циривири" бр.15; Куќа на ул."Страшо Пинџур" бр.15; Куќа на ул."Љубен Иванов" бр.11; Куќа на ул."Маршал Тито" бб; Куќа на ул."Маршал Тито" бр.40; Куќа на ул."Тошо Арсов" бр.2,4,8 и ул."Маршал Тито" бр.2; "Кучук Емир Султанов" мост, река Брегалница; Саат кула, ул."Кирил и Методиј" бр.70; Црква "Архангел Главатов"; Црква "Св. Спас", ул."Никола Карев" бб; Црква "Св. Јован", ул."Димитар Влахов" бб; Црква "Архангел Михаил" (Фитијата), под "Исар"; Црква "Св. Никола", Кеј "Маршал Тито" бб; "Хуса Медин-Пашина" џамија, ул."Ленинова" бб; Административна зграда - банка, ул."Маршал Тито"бб; Куќа на ул."Маршал Тито" бб; Куќа на ул."Маршал Тито" бр.18,; Куќа на ул."Кузман Јосифовски" бб; Куќа на ул."Тошо Арсов" бр.68; Куќа на ул."ТошоАрсов" бр.62; Куќа на ул."Маршал Тито" бр.20; Црква "Св.Троица", Градска некропола; Објект – Митрополија на Брегалничка епархија, ул."Тошо Арсов" бр.3; Училишна зграда, ул."Цветан Димов" бб; Магаза, ул."Иво Рибар Лола" бр.54; Еврејски гробишта во Штип; Објект на ул."ГоцеДелчев" бр.7; Објект на ул."ГоцеДелчев" бр.3; Стамбени објекти на ул."Гоце Делчев

27 *Процена на загрозеноста на општина Штип од сите ризици и опасности* (Штип, 2014).

бр.31, бр.33, бр.41 и бр.45”; Објект на ул.”Гоце Делчев” бр.55 и бр.57; НУ Универзитетска библиотека “Гоце Делчев“ и Хуса Медин-пашина џамија во Штип. Останатите објекти и места во општината се со локација околу селото Стар Караорман, а тоа се археолошките локалитети “Балабаница”, “ОрловиЧуки” и “Крушки” како и во Ново Село, Куќа на ул.”К.Мисирков” бр.12 (стар бр.18); Куќа на ул. ”К. Мисирков” бр.30 (стара адреса ул.”Генерал Апостолски” бр.38); Куќа на ул.”К. Мисирков” бр.69 (стар број 45); Куќа на ул.”К.Мисирков” бр.14 (стар број 20); Куќа на ул.”К. Мисирков” бр.45 (стар број 27); Куќа на ул.”К. Мисирков” бр.26 (стар број 34); Куќа на ул.”Н.Карев” бр.2 (стара адресаул.”К. Мисирков” бр.35);Куќа на ул.”К. Мисирков” бр.67 (стар број 43); Куќа на ул.”К. Мисирков” бр.8 (стар број 16); Куќа на ул.”К. Мисирков” бр.6; Куќа на ул.”К. Мисирков” бр.34; Ново Село – градителска целина; Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село; Црква “УспениеБогородичино”соконаци (црковен комлекс).[28]

Вкупно 35 објекти прогласени за културно наследство се наоѓаат во самиот град а други 13 објекти се лоцирани во Ново Село кое воедно претставува и градска целина. Местоположбата и градбата на сите овие објекти овозможува тие да бидат изложени на пожар или полава. Пожарите како загрозување најчесто можат да се појават кај објектите кои во својата градба содржат лесно запаливи материјали и се во густо изградените делови на Штип и Ново Село, додека пак од поплави се загрозени оние објекти кои се наоѓаат во близина на водени текови.[29] Кај Кучук Емир Султановиот мост единствено оштетување или уништување може да предизвика појавата на поплава која би се случила при надојдена вода во реката Брегалница. Останатите појави немаат изразени негативни влијанија кај објектите прогласени за културно наследство на територијата на општина Штип.

Од петте места кои се прогласени за културно наследство во општина Штип две се наоѓаат во градот додека останатите три се во околината на село Стар Караорман. Местоположбата и состојбата на овие места не дозволува тие да бидат подложени на сериозни оштетувања или уништувања од елементарните непогоди кои се карактеристични за општина Штип.[30]

28 *Регистар на културно наследство.*

29 Веселинов, Нацев, Загрозеност на објекти и места прогласени за културно наследство, 1273.

30 Веселинов, Нацев, Загрозеност на објекти и места прогласени за културно наследство, 1273